Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-401

Бр.08-515/11
од 20-02-2025 год.
Скопје

Врз основа на член 5 од Одлуката за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи и определување локации за нивно поставување на подрачјето на Општина Кисела Вода-Скопје („Службен гласник на Општина Кисела Вода-Скопје" бр.7/2024), точка 3.16 од Јавниот повик за утврдување на начинот, условите и постапката за доделување на локации за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на подрачјето на Општина Кисела Вода-Скопје бр.08-515/1 од 21.01.2025 година, како и врз основа на член 87 и 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" бр.124/15 и 65/18), а согласно изготвениот Извештај за спроведен јавен повик за утврдување на начинот, условите и постапката за доделување на локации за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на подрачјето на Општина Кисела Вода-Скопје со арх.бр.08-515/10 од 17.02.2025 година, Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**за избор на субјекти на кои им се доделуваат локации за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на подрачјето на Општина Кисела Вода-Скопје**

1. Барањата на подносителите:
   - Антонио Стојановски / Друштво за угостителство, промет и услуги ГОРИЛА ФУД ДОО Скопје, арх.бр.08-515/2 од 21.01.2025 година, барање за издавање на одобрение за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи (дополна на барање арх.бр.08-515/6 од 31.01.2025 година),
   - Деан Димоски / Друштво за трговија и услуги ГИЛЕ ГРУП ДООЕЛ Македонски Брод, арх.бр.08-515/3 од 21.01.2025 година, барање за издавање на одобрение за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи,
   - Деан Димоски / Друштво за трговија и услуги ГИЛЕ ГРУП ДООЕЛ Македонски Брод, арх.бр.08-515/4 од 21.01.2025 година, барање за издавање на одобрение за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи,
   - Борис Ивановски / Друштво за трговија и услуги НОВА СТУДИО БОРИС ДООЕЛ Скопје, арх.бр. 08-515/5 од 28.01.2025 година, барање за издавање

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-401

на одобрение за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи (дополна на барање арх.бр.08-515/9 од 07.02.2025 година),
- Даре Мирчески / Друштво за производство, угостителство, трговија и услуги ЕСНАФ ДАРЕ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, арх.бр. 08-515/7 од 03.02.2025 година, барање за издавање на одобрение за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи (дополна на барање арх.бр.08-515/8 од 07.02.2025 година)

со кои се бара поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на подрачјето на Општина Кисела Вода-Скопје, **СЕ УВАЖУВААТ.**

2. На подносителите од точка 1 на ова Решение **ИМ СЕ ДОЗВОЛУВА поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи до 31.12.2025 година од денот на доставување на одобрението**.
3. За поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на подрачјето на Општина Кисела Вода - Скопје **СЕ ДОДЕЛУВААТ СЛЕДНИТЕ ЛОКАЦИИ:**

- **ЛОКАЦИЈА бр.2** се доделува на Антонио Стојановски / Друштво за угостителство, промет и услуги ГОРИЛА ФУД ДОО Скопје, со барање под арх.бр.08-515/2 од 21.01.2025 година,
- **ЛОКАЦИЈА бр.13** се доделува на Деан Димоски / Друштво за трговија и услуги ГИЛЕ ГРУП ДООЕЛ Македонски Брод, со барање под арх.бр.08-515/3 од 21.01.2025 година,
- **ЛОКАЦИЈА бр.14** се доделува на Деан Димоски / Друштво за трговија и услуги ГИЛЕ ГРУП ДООЕЛ Македонски Брод, со барање под арх.бр.08-515/4 од 21.01.2025 година,
- **ЛОКАЦИЈА бр.9** се доделува на Борис Ивановски / Друштво за трговија и услуги НОВА СТУДИО БОРИС ДООЕЛ Скопје, со барање под арх.бр.08-515/5 од 28.01.2025 година,
- **ЛОКАЦИЈА бр.12** се доделува на Даре Мирчески / Друштво за производство, угостителство, трговија и услуги ЕСНАф ДАРЕ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со барање под арх.бр. 08-515/7 од 03.02.2025 година.

## Образложение

По спроведениот Јавен повик за утврдување на начинот, условите и постапката за доделување на локации за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на подрачјето на Општина Кисела Вода-Скопје бр.08-515/1 од 21.01.2025 година, Комисијата за спроведување на јавниот повик, формирана од Градоначалникот на Општина Кисела Вода-Скопје со решение бр.08-7708/1 од 22.08.2024 изготви Извештај за спроведен јавен повик за утврдување на начинот, условите и постапката за доделување на локации за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на подрачјето на Општина

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-401

Кисела Вода-Скопје со арх.бр.08-515/10 од 17.02.2025 година. Во истиот било констатирано дека на Јавниот повик се поднесени 5 (пет) барања од кои што: 5 (пет) барања ги исполниле условите и 1 (едно) барање било поднесено за локација која е зафатена од друг претходен барател по принципот "прв дојден, прв услужен".

Имајќи го предвид горенаведеното, а врз основа на Одлуката за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи и определување локации за нивно поставување на подрачјето на Општина Кисела Вода-Скопје („Службен гласник на Општина Кисела Вода-Скопје" бр.7/2024) и точка 3.16 од Јавниот повик за утврдување на начинот, условите и постапката за доделување на локации за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на подрачјето на Општина Кисела Вода-Скопје бр.08-515/1 од 21.01.2025 година, Градоначалникот на Општина Кисела Вода-Скопје одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНКА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

**Постапката ја водат:**
**Комисија за спроведување на јавен повик**

- Мирјана Јорданова, Претседател
- Мартина Димеска, член
- Трајче Јовановски, член
- Аљоша Шопар, член
- Елизабета Ѓуровска Митков, член

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Кисела Вода